Јавна установа Национален парк Галичица
Велестовски пат бб, 6000 Охрид
Република Северна Македонија
Тел./Факс: 00 389 46 261 473
е-пошта: galicica@galicica.org.mk

# ЈАВНА БЛАГОДАРНОСТ

Јавната Установа Национален Парк Галичица, Охрид искажува голема благодарност на:

- Градоначалникот на Општина Охрид
- Територијалната Противпожарна единица од Охрид
- Центарот за управување со кризи
- Дирекцијата за заштита и спасување и
- Припадниците на Воздухопловниот ВИНГ на АРМ

за професионалното и несебично вклучување во гаснењето на пожарот во Националниот парк Галичица. Со својот ангажман дадоа директен придонес во намалување на штетите од огнената стихија која го загрози природното наследство на Националниот парк Галичица.

Јавната установа искажува особена благодарност на Планинска спасителна служба при Црвен крст Охрид, за учеството во активностите за справување со пожарот во Национален парк Галичица. Почнувајќи од 1-ви па се до 6-ти септември членовите на Планинарската спасителна служба заедно со вработените од Јавната установа Национален парк Галичица континуирано го следеа развојот на пожарот и учествуваа во неговото гаснење. Дополнително обезбедија целосна логистика за укажување на помош, брза евакуација на евентуално повредени лица, како и дистрибуција на храна и вода за екипите на терен.

Јавната установа исто така им се заблагодарува на:

- Екипата на Охрид Ултра-Треил
- Explore Ohrid
- ATV adventure Охрид
- Параглајдинг клубот Fly Ohrid
- Off road Галичица
- MM Rent
- Благоја Коруноски

за понудата волонтерски со човечки ресурси и други сопствени средства да се вклучат во гаснењето на пожарот.

Јавна Установа
Национален Парк Галичица